Бр./Nr 12-2516/1
27-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-тата седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3290/1 од 18.12.2025 година, со наводи за ненаменско трошење на финансиски средства и други неправилности во работењето и раководењето со /// на Република Северна Македонија, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за спорт.

Предметот со број 12-3290/1 од 18.12.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 18.12.2025 година, поднесена е пријава со наводи за ненаменско трошење на финансиски средства и други неправилности во работењето и раководењето со /// на Република Северна Македонија и оформен е предмет број 12-3290/1 од 18.12.2025 година.
Во пријавата подносителот подетално опишува околности поврзани со неисполнување на обврската на Федерацијата за организирање и одржување на Државно првенство за помлади сениори/сениорки до 21 година во текот на 2025 година, иако за истото на Федерацијата ѝ биле доделени средства од страна на Министерството за спорт. Мотивите за неодржување на првенството подносителот на пријавата ги поврзува со овозможување на сигурна предност на членови на фаворизирани клубови на веќе заклучена бодовна листа.

Во пријавата се изнесени и наводи за пропусти поврзани со доделување и исплата на средства на /// клуб за опремување на сала за тренинзи за која било констатирано дека не ги исполнува стандардите и која наводно не се користи од страна на Федерацијата, како и наводи за пропусти поврзани со распределба на спортска опрема на клубовите којашто наводно е добиена како донација од /// и од /// /// федерација.
Со оглед на опишаните околности, подносителот на пријавата бара да се изврши контрола на работењето на /// Федерацијата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган.
Земајќи ги предвид одредбите од членот 69 од Законот за спортот според кои надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, како и одредбите од членот 70 од овој Закон каде е регулиран предметот на надзор на инспекторот од органот на државната управа, ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за спорт.

Со оглед на погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК